РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-99/1
23.01 2024 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), член 49 став 3 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/10), Градоначалникот на општина Пробиштип донесе,

# ПРАВИЛНИК

## за утврдување на критериуми за финансирање на здруженија на граѓани и фондации за активности кои се предвидени во програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Согласно законот за локална самоуправа и надлежностите на општината во делот на социјалната, здравствената и детската заштита и согласно законот за еднакви можности на жените и мажите општината е должна во рамки на своите планови и програми да го инкорпорира принципот на еднакви можности на жените и мажите , да соработува со здруженија на граѓани активни на полето на еднакви можности со цел да се обезбедат предлози и мерки за постигнување на цели а во интерес на жителите од општина Пробиштип.

### Член 2

Општина Пробиштип изготвува програма за еднакви можности на жените и мажите и ја доставува до Советот на општина Пробиштип на усвојување.
За реализација на активностите по програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година оваа година општина Пробиштип ќе објави јавен повик до сите граѓански здруженија и фондации од општина Пробиштип

### Член 3

Приоритетните цели мерки, активности се утврдени во Програмата за еднакви можности на жените и мажите

### Член 4

Финансиските средства за овој Правилник се обезбедени во Буџетот на Општина Пробиштип за 2024 година, во програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година

Финансиските средства од овој Правилник ќе се распределуваат според предвидените групи, односно вкупниот буџет од 150.000,00 ден ќе се распредели по 50.000 ден за една група
Едно здружение или фондација може да учествува во реализација и на сите предложени мерки.

## II. ПОСТАПКА, НАЧИН И УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Член 5

За доделување на финансиските средства од член 2 на овој Правилник Градоначалникот распишува Јавен повик во кој се наведува начинот на поднесување на барањето, како и условите што треба да ги исполнуваат учесниците во Јавниот повик.

Пристигнатите предлог активности ќе ги разгледуваат членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, координаторот и заменик координаторот за еднакви можности на жените и мажите.

Член 6

Право на учество во Јавниот повик ќе имаат здруженијата и фондациите кои ги исполнуваат следниве критериуми што ќе бидат утврдени со Јавниот повик:

-Регистрирани здруженија согласно Закон за здруженија и фондации со седиште во општина Пробиштип и надвор од општина Пробиштип каде што физички ќе се реализираат проектите со искуство во спроведување на едукативни работилници, трибини за горе наведените активности а целна група да бидат жителите од општина Пробиштип.

-Предложените активности да се во согласност со тригодишниот акциски план за родова еднаквост на општина Пробиштип за 2022-2024 година усвоен од Советот на општина Пробиштип со број 26-733/9 од 12.08 2022 година

-Предложените активности да се реализираат во 2024 година на територијата на општина Пробиштип

-Едно здружение или фондација може да учествува во реализација на сите предложени мерки

-Решение (копија) за упис во регистар на здруженија и фондации на РСМ не постара од 6 месеци

-Профил на организацијата и стручни лица со кратки биографии кои ќе бидат одговорни за реализација на предложените активности.

Здруженијата и фондациите кои ги испонуваат напред наведените услови, нивните проекти ќе бидат бодирани на следниот начин:

| Организациска стурктура, техничка опременост и човечки ресурси | Бодување<br>(максимум 60 бода)<br>(Минимум 40 бода) | | |
|---|---|---|---|
| Начин на бодување | Да -10 | Делумно -5 | Не-1 |

| | |
|---|---|
| 1. Здружението на граѓани да има минимум 3 лица ангажирани за активностите | |
| 2. Стручни лица за спроведување на активностите | |
| 3. Дали имаат искуство во спроведување на проекти | |
| Квалитет на проектот: | |
| 1. Колку специфичната цел на активностите се јасно поставени и ќе придонесе кон унапредување на областа за која се аплиција | |
| 2. Активностите се реално остварливи | |
| 3. Предлог финансискиот план е реален (описот на трошоци во предлог буџетот соодвествува на пазарните цени) | |

Член 7

Јавниот повик ќе трае 10 работни дена од денот на објавувањето. Доставените барања треба да ја содржат документацијата што ќе биде наведена во Јавниот повик. Некомплетните барања нема да бидат предмет на разгледување.

Член 8

Врз основа на доставената документација и спроведената постапка Комисија, го утврдува исполнувањето на критериумите од член 5 на овој Правилник и до Градоначалникот на Општината доставува записник кои здруженија ќе ги реализират активностите предвидени во програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година.

Одобрените активности ќе се реализраат во 2024 година по претходно барање од избраното здружение или фондација за предложената активност , а Градоначалникот донесува Решение за исплата на финансискисте средства. Со избраното здружение или фондација се склучува Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски.

Здруженијата и фондациите на кои ќе им бидат усвоени проектите писмено ќе бидат информирани во рок од седум (7) работни дена од денот на донесувањето на одлуката.

Член 9

Подносителот на барањето на кој ќе му бидат доделени финансиски средства има обврска до Општината да достави извештај за искористеноста на средствата.

Член 10

Општина Пробиштип преку Одделението за јавни дејности води евиденција на сите доставени барања за користење финансиски средства во согласност со овој Правилник.

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 11

Овој Правилник влегува во сила на денот на донесувањето

Изготвил:
Анкица Кијајова
Марија Митева

Општина Пробиштип
Градоначалник,
Драган Анастасов